06.09.2013

У-5.бр.1031/2011

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Виолета Богојеска - претседател на советот, Даниела Антовска и М-р Есма Алибашиќ Јонуз - членови на советот, со записничар Елеонора Хамулиќ Ајро - судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Автосообраќаен Училишен Центар „Боро Петрушевски" Скопје преку полномошник Адвокат Жарко Пановски од Скопје, изјавена против Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-158/5 од 12.09.2011 година, за заштита на конкуренцијата, на седницата на советот одржана на ден 25.04.2013 година донесе:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Автосообраќаен Училишен Центар „Боро Петрушевски" Скопје, изјавена против Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр.08-158/5 од 12.09.2011 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.08-158/5 од 12.09.2011 година Комисијата за заштита на конкуренцијата постапувајќи во постапката поведена по службена должност против Автосообраќаен Училишен Центар „Боро Петрушевски" Скопје заради утврдување на постоење на забранет договор или договорена практика чија цел е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територија на Република Македонија утврдила дека Авто мото сојуз на Македонија - Скопје, Сојуз на возачи на Македонија – Скопје и Автосообраќаен Училишен Центар „Боро Петрушевски" Скопје учествувал во забранет договор или договорена практика на начин што одлуките и ценовниците кои ги донеле и во кои се утврдени цените за технички преглед на моторни и приклучни возила претходно меѓусебно ги усогласиле со што директно ги фиксирале продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, а со цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата - технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, со што сториле повреда од член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Тужителот поведе управен спор против решението на тужениот орган поради погрешно утврдена фактичка состојба и дека Комисијата погрешно го применила материјалното право бидејќи нема учествувано во склучување на

договор за продажни цени ниту прекутно се договарал со Авто мото сојузот на Македонија и Сојузот на возачи Скопје во однос на продажни цени, сите одлуки се носат од страна на Училишниот одбор составен од 12 лица, а начинот на донесување на одлуките оневозможува директно или индиректно договарање со други субјекти на пазарот.

Тужениот орган достави одговор на тужба во кој во целост останува на наводите од побиваното решение.

Управниот суд постапувајќи по тужбата, го испита оспореното решение во границите на тужбеното барање во смисла на член 37 од Законот за управните спорови, па по оценка на тужбените наводи, одговорот на тужбата и списите на предметот, најде:

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека Автособраќаен Училишен Центар „Боро Петрушевски" Скопје со седиште на бул.Александар Македонски бр.3/26-6 Скопје во периодот од 01.08.2005 година до 02.12.2008 година учествувал во забранет договор или договорена практика на начин што Авто мото сојуз на Македонија Скопје доставувал одлуки и ценовници за цената на услугата технички преглед на моторни и приклучни возила до сите Авто мото друштва кои одлуки и ценовници ги применувале директно или индиректно преку носење на сопствени одлуки и ценовници со цени исти со оние утврдени од Авто мото сојуз на Македонија, со што одлуките и ценовниците кои ги донеле и во кои се утврдени цените за технички преглед на моторни и приклучни возила претходно меѓусебно ги усогласиле со што директно ги фиксирале продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, а со цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за обезбедување на услугата - технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија, со што сториле повреда од член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно член 2 од Законот за заштита на конкуренција („Службен весник на Република Македонија„ број 4/2005,70/2006 и 22/2007) цел на овој закон е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите.

Според член 7 став 1 точки 1, 2, 3, 4 и 5 од истиот закон забранети се сите договори склучени меѓу претпријатијата, одлуките на здруженијата на претпријатијата и договорената практика чија цел или последица е спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата а особено оние кои: директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови на тргување, го ограничуваат или контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите, го делат

пазарот или изворите на снабдување, применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери со што ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција, го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни, дополнителни обврски што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот.

Согласно став 3 од истиот член одредбите од ставот 1 на овој член нема да се применуваат на договори, одлуки на здруженија на претпријатија и договорена практика што придонесуваат за унапредување на производството или дистрибуцијата на добрата или услугите или промовирање на техничкиот или економскиот развој, под услов од тоа да имаат сразмерна корист и потрошувачите а кои што: не им се наметнуваат на засегнатите претпријатија, ограничувања кои што не се неопходни за постигнување на тие цели и не им овозможуваат на тие претпријатија елиминирање на конкуренцијата во значителен обем за производите кои се во прашање.

Согласно член 13 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата – Едно претпријатие има доминантна позиција на релевантниот пазар, ако како потенцијален продавач или купувач на определен вид на стоки или услуги нема конкуренти на релевантниот пазар.

Согласно член 14 став 1 од истиот закон - Забранета е секоја злоупотреба на доминантната позиција од едно или повеќе претпријатија на релевантниот пазар или негов суштински дел, а согласно став 2 точка 1 од истиот член, злоупотребата од став 1 особено постои во случај на директно или индиректно наметнување на нефер куповни или продажни цени или други нефер услуги на тргување.

Согласно член 15 став 1 точка 1 и 2 од истиот закон - Комисијата во случаите од членовите 13 и 14 на овој Закон со решение: ја утврдува доминантната позиција и однесувањето на претпријатието со кое се злоупотребува таквата позиција, односно се спречува, ограничува или нарушува конкуренцијата, како и времетраењето на таквото однесување и го забранува секое натамошно однесување на претпријатието од ставот 1 точка 1 на овој член.

Во конкретниот случај Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Македонија во законски спроведена постапката и врз основа на точно утврдена фактичка состојба го донела сега оспореното Решение бр.08-158/5 од 12.09.2011 година со кое утврдила дека Авто мото сојуз на Македонија - Скопје, Сојуз на возачи на Македонија – Скопје и Автосообраќаен Училишен Центар „Боро Петрушевски" Скопје во месец јули 2005 година донеле Одлуки и ценовници во кои се утврдени цените за технички преглед на моторни и приклучни возила, сите со примена од 01.08.2005 година. Вака донесените одлуки се резултат на претходно остварени контакти и договарање на цените. Имено во пропратното писмо бр.02-95/3 од 26.07.2005 година кое Сојуз на возачи на Македонија – Скопје

го испраќа заедно со Одлуката бр.02-95/2 од 26.07.2005 година до Здруженијата на возачи членки на Сојуз на возачи на Македонија со цел примена на истата, се наведува дека новата цена на техничкиот преглед е усогласена со Авто мото сојуз на Македонија - Скопје и АСУЦ ,,Боро Петрушевски. Во овој случај АСУЦ „Боро Петрушевски,, Скопје сторил повреда на член 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата на начин што учествувал во забранет договор или договорена практика со кој директно се фиксираат продажните цени за услугата технички преглед на моторни и приклучни возила на територијата на Република Македонија во периодот од 01.08.2005 година до 02.12.2008 година кога АСУЦ „Боро Петрушевски,, Скопје донел Ценовник за услуги во Станицата за технички преглед во АСУЦ „Боро Петрушевски,, Скопје бр.02-3095 од 02.12.2008 година со цени различни од оние претходно утврдени со Авто мото сојуз на Македонија - Скопје и Сојуз на возачи на Македонија – Скопје.

Законот за заштита на конкуренцијата изрично забранува претпријатија, односно здруженија на претпријатија да учествуваат во договори или договорни практики, односно здруженијата на претпријатија да донесуваат одлуки со кои директно се фиксираат продажните цени на стоките и услугите кои ги нудат претпријатијата, бидејќи таквото договарање помеѓу учесниците на пазарот за еден од најзначајните параметри на конкуренцијата - цената е спротивно на основното правило на слободната конкуренција според кое учесниците на пазарот треба самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносот ризикот за успехот, односно неуспехот од таквото однесување.

Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот дека нема учествувано во склучување на договор за продажни цени ниту прекутно се договарал со Авто мото сојузот на Македонија и Сојузот на возачи Скопје во однос на продажни цени, сите одлуки се носат од страна на Училишниот одбор, а начинот на донесување на одлуките оневозможува директно или индиректно договарање со други субјекти на пазарот, меѓутоа Судот овие наводи не ги прифати бидејќи критериумите за утврдување на постоење на договор во смисла на член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата се пошироки отколку критериумите за постоење на договор согласно Законот за облигационите односи. Ова значи дека договор може да постои и кога помеѓу учесниците постои договорена практика односно кога тие се придржуваат до заедничко однесување кое го ограничува или постои веројатност да го ограничи нивното индивидуално однесување преку одредување на границите на нивното заедничко дејствување или воздржување на дејствијата на пазарот. Во таков случај не е неопходно да постои договор во пишана форма ниту формалности и договорени санкции или мерки за извршување. Секое претпријатие мора самостојно да ја одредува својата комерцијална политика која има намера да ја спроведе на пазарот.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, судот смета дека оспореното решение е законито, бидејќи тужителот учествувал во забранет договор со што сторил повреда од членот 7 став 1 точка 1 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Со оглед на гореизнесеното, судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управниот суд на ден 25.04.2013 година под У-5.бр.1031/2011.

Записничар - судски соработник
Елеонора Хамулиќ Ајро с.р.

Претседател на совет - Судија
Виолета Богојеска с.р.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

РН/

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
УПРАВИТЕЛ НА СУДСКАТА ПИСАРНИЦА